О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О
Градоначалник
Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521 факс: 033/411 550
E-mail:opde@sonet.com.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 6
**09.05. 2013 година**

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи

**Мај, 2013**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 09.05. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување акти од Втората седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на Втората седница која се одржа на ден 07.05. 2013 година и тоа:

1. Решение за формирање на Комисија за статут и прописи на Советот на Општина Делчево;
2. Решение за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај на Советот на Општина Делчево;
3. Решение за формирање на Комисија за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина на Советот на Општина Делчево;
4. Решение за формирање на Комисија за јавни дејности на Советот на општина Делчево;
5. Решение за формирање на Комисија за еднакви можности;

6. Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево;
7. Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево;
8. Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од осмо одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево;
9. Мислење на Програмата за организирање на еднодневна настава во природа за учениците од VI, VII/9 и VII/8;

10. Одлука за определување на претставници на Советот на Општина Делчево што ќе учествуваат при склучување на брак на подрачјето на општина Делчево;

11. Решение за разрешување на членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија;
12. Решение за именување на членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија;
**13.** Одлука за доделување на еднократен надоместок за новороденчиња во Општина Делчево;

14. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Александар Дончевски-викенд куќа;
15. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Александар Дончевски за објект број 2-со намена А4-викенд куќа, објект број 3 и 4 ПО-помошни објекти и објект 5-базен, изградени на КП бр.1092, КО Делчево, м.в.Попово Гумно;
16. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Ристе Димитровски;

17. Одлука за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево;

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1071/1**
**09.05.2013 година**
**Д е л ч е в о**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански, с.р.**

1.
Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Втора седница, одржана на ден 07.05.
2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за статут и прописи**

I. За членови на Комисијата за статут и прописи се избираат:
1. Дарко Тодоровски, претседател
2. Славица Димитрова, член
3. Даниела Ангеловска Ѓорѓиева, член
4. Влатко Ристов, член
5. Ана Ситновска, член

II. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 07-1048/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05.2013 год.** **Претседател**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов, с.р.**

**2.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Втора седница, одржана на ден 07.05. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за комунални работи и сообраќај**

I.За членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај се избираат:
1. Љупчо Атанасов, претседател
2. Драган Христов, член
3. Дарко Тодоровски, член
4. Игор Жежовски, член
5. Фиданчо Младеновски, член

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1049/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05. 2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов, с.р.**

3.
Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 4 од Статутот на Општина Делчево (“Службен гласник на Општина Делчево” бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Втора седница, одржана на ден 07.05. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за планирање и уредување на просторот и**
**заштита на животната средина и природата**

I.За членови на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата се избираат:
1. Славица Димитрова, претседател
2. Даниелка Ангеловска Ѓорѓиева, член
3. Радмила Ивановска, член
4. Игор Жежовски, член
5. Соња Аврамовска, член

II. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Број 07-1050/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05. 2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

4.
Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 6 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Втора седница, одржана на ден 07.05. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за јавни дејности**

I. За членови на Комисијата за јавни дејности се избираат:
1. Ана Ситновска, претседател
2. Соња Аврамовска, член
3. Дарко Тодоровски, член
4. Тони Начевски, член
5. Радмила Ивановска, член

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Број 07- 1051/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05 2013 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

**5.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМбр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 7 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Втора седница, одржана на ден 07.05. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови**
**на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите**

I. За членови на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите се избираат:
1. Благица Ангелова, претседател
2. Горан Трајковски, член
3. Тони Начевски, член
4. Радмила Ивановска, член
5. Тони Ѓорѓиевски, член

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1052/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05. 2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**6.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 2.редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од трето одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

**Број 07-1053/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05.2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**7.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке "- Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 2.редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од шесто одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на
на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски" – Делчево.

**Број 07-1054/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05.2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов, с.р.**

8.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"- Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 2.редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за изведување на ученичка екскурзија**
**низ РМ за ученици од осмо одделение**
**при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од осмо одделение при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

**Број 07-1055/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05.2013 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**
**9.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке"- Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на 2.редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за организирање на еднодневна настава во природа за учениците од VI, VII/9 и VII/8 при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата организирање на еднодневна настава во природа за учениците од VI, VII/9 и VII/8 при ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

2. Мислењето да се достави до Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево.

**Број 07-1056/1**
**07.05.2013 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

**10.**
Врз основа на член 77 од Законот за семејство („Сл.весник на РМ" бр.157/2008), Советот на Општина Делчево, на својата Втора седница одржана на ден 07.05. 2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на претставници на Советот на Општина Делчево што ќе учествуваат при склучување на брак на подрачјето на општина Делчево**

Член 1

За претставници на Советот на Општина Делчево што ќе учествуваат при склучување на брак на подрачјето на општина Делчево, се определуваат сите членови на Советот на Општина Делчево и тоа:

1. Соња Аврамовска
2. Благица Ангелова
3. Даниелка Ангеловска Ѓорѓиева
4. Љупчо Атанасов
5. Славица Димитровска
6. Тони Ѓорѓиевски
7. Игор Жежовски
8. Радмила Ивановска
9. Фиданчо Младеновски
10. Тони Начевски

11. Влатко Ристов
12. Ана Ситновска
13. Дарко Тодоровски
14. Горан Трајковски
15. Драган Христов

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласника на Општина Делчево".

**Број 07-1057/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05. 2013 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**11.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 57 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), а согласно точка III став 2 Решението за формирање Одбор за доделување на општински награди и признанија бр. 07-1249/1 од 21.05.2012 година, Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 07.05. 2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија**

I. Се разрешуваат членовите на Решението за формирање Одборот за доделување на општински награди и признанија бр. 07-1249/1 од 21.05.2012 година и тоа:

1. Слободанчо Димитровски – Член на Советот на Општина Делчево;
2. Горан Георгиевски-Член на Советот на Општина Делчево;
3. Зоран Станоевски-Член на Советот на Општина Делчево;
4. Љупчо С. Петровски- Член на Советот на Општина Делчево;

поради престанок на функцијата член на Советот на Општина Делчево.

II. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево„

**Број 07-1058/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05. 2013 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**12.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 57 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување**
**на членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија**

I. За членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија се именуваат:

1.Дарко Тодоровски – Член на Советот на Општина Делчево;
2. Радмила Ивановска-Член на Советот на Општина Делчево;
3.Благица Ангелова -Член на Советот на Општина Делчево;
4. Соња Аврамовска- Член на Советот на Општина Делчево;

II. Мандатот на новоименуваните членови на Одборот трае до истекот на мандатот на членовитет на чие место се именувани, т.е. до 21.05.2016 година.

III.Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево„

**Број 07-1059/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05. 2013 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**13.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.05/2002) и член 143 од Деловникот за работа на Советот на Општина Делчево ( Службен Гласник на Општина Делчево бр.16/2006 година), Советот на Општина Делчево на својата Втора седница одржана на ден 07.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на еднократен надоместок за новороденчиња во Општина Делчево**

Член 1

Се донесува Одлука за доделување на еднократен паричен надоместок за секое новороденче од Општина Делчево.

Член 2

Еднократниот паричен надоместок за секое новороденче изнесува 3000 денари.

Член 3

За остварување на правото на надоместок од член два (2) , родителите се должни да приложат извод од матична книга на родените на новороденчето, како и лична карта и трансакциска сметка од мајката за увид при поднесување на барањето.

Член 4

За оваа спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финасии,буџет,даноци,јавни дејности и ЛЕР.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Број 07-1060/1** **Совет на Општина Делчево**
**07.05. 2013 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

14.Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година донесе

**ОДЛУКА**

**за вклопување на бесправно изграден објектот во урбанистичко-планска документација на лицето Александар Дончевски-викенд куќа**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-68 од 16.05.2011 година, од страна на лицето Александар Дончевски, а кое се однесува на бесправно изграден објект со намена А4-викенд куќа, изграден на КП број 1092, КО Делчево, м.в. Попово Гумно, Советот на Општина Делчево констатира дека истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1061/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**07.05.2013 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

15.Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објектот во урбанистичко-планска документација на лицето Александар Дончевски за објект број 2-со намена А4-викенд куќа, објект број 3 и 4-ПО-помошни објекти и објект 5-базен, изградени на КП број 1092, КО Делчево, м.в. Попово Гумно

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-2305 од 02.09.2011 година, од страна на лицето Александар Дончевски, а кое се однесува на бесправно изградени објекти, објект број 2-со намена А4-викенд куќа, објект број 3 и 4-ПО-помошни објекти и објект 5-базен, изградени на КП број 1092, КО Делчево, м.в. Попово Гумно, Советот на Општина Делчево констатира дека истите може да се вклопат

во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградените објекти од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 07-1062/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**07.05.2013 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

16.Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 07.05.2013 година донесе

**ОДЛУКА**

**за вклопување на бесправно изграден објектот во урбанистичко-планска документација на лицето Ристе Димитровски**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП1 12-352 од 22.07.2011 година, од страна на лицето Ристе Димитровски, а кое се однесува на бесправно изграден објект-станбена куќа изграден на КП број 3947 и КП број 3948/2, КО Делчево, м.в. Куртов Осој, Советот на Општина Делчево констатира дека истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 07-1063/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**07.05.2013 година** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

17.Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/2004, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12 ), Советот на Општина Делчево на својата Втора седница, одржана на ден 07.05.2013 година донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево**

Член 1
Со оваа Одлука се определува тарифата за вршење на авто-такси превоз на подрачјето на општина Делчево.

Член 2
**Тарифа 1** за вршење на авто-такси превоз на подрачјето на општина Делчево се определува за:
1.Старт (почеток) на извршување на превозот............................................25,00 денари
2.Изминат километар при возење..............................................................15,00 денари
3.Чекање во траење од 1 минута..................................................................3,00 денари

**Тарифа 2** за вршење на авто-такси превозот во време на ноќно возење (од 00.00 часот на полноќ до 05.00 часот наутро и за време на празнични денови):
1.Старт (почеток) на извршување на превозот............................................25,00 денари
2.Изминат километар при возење..............................................................18,00 денари
3.Чекање во траење од 1 минута..................................................................3,00 денари

*Заштитна цена до 1 км поминат при возење.............................................40,00денари

Член 3
Цената на извршениот превоз се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот, а според определената тарифа.
Превозникот е должен на видно место да ја истакне тарифата.

Член 4
Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на тарифата за авто-такси превозот на патници на подрачјето на Општина Делчево број 07-1481 од 14.11.2005 година.

Член 5
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1064/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**07.05.2013 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

**СОДРЖИНА**

**-Решение за објавување акти од Втора седница на Советот на Општина Делчево....... 1**

1.Решение за формирање на Комисија за статут и прописи на Советот на Општина Делчево;........................................................................................................................ 2

2.Решение за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај на Советот на Општина Делчево;............................................................................................................ 2

3.Решение за формирање на Комисија за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина на Советот на Општина Делчево;.......................................................3

4.Решение за формирање на Комисија за јавни дејности на Советот на општина Делчево;...3

5.Решение за формирање на Комисија за еднакви можности;................................................ 4

6.Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево;........................................................................ 4

7.Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево;................................................................ 5

8.Мислење на Програмата за изведување на ученичка екскурзија низ РМ за ученици од осмо одделение при ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево;......................................................................... 5

9.Мислење на Програмата за организирање на еднодневна настава во природа за учениците од VI, VII/9 и VII/8;.......................................................................................................................... 6

10.Одлука за определување на претставници на Советот на Општина Делчево што ќе учествуваат при склучување на брак на подрачјето на општина Делчево;.............................. 6

11.Решение за разрешување на членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија;............................................................................................................................... 7

12.Решение за именување на членови на Одборот за доделување на општински награди и признанија;............................................................................................................................... 7

13.Одлука за доделување на еднократен надоместок за новороденчиња во Општина Делчево;................................................................................................................................... 8

14.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Александар Дончевски-викенд куќа;............................................ 9

15.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Александар Дончевски за објект број 2-со намена А4-викенд куќа, објект број 3 и 4 ПО-помошни објекти и објект 5-базен, изградени на КП бр.1092, КО Делчево, м.в.Попово Гумно;............................................................................................... 9

16.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на лицето Ристе Димитровски;...................................................................... 10

17.Одлука за определување на тарифа на авто-такси превозот на подрачјето на Општина Делчево;................................................................................................................................... 11